МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# МАСАЖА

**II година**

## *ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА*

***физиотерапевтски техничар***

**Скопје,  2006 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет: *МАСАЖА***

**1.2. Образовен профил и струка**

**1.2.1. Образовен профил: *физиотерапевтски техничар***

**1.2.2. Струка: *здравствена***

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

**1.3.1. Предмет карактеристичен за образовниот профил**

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

**1.4.1. *Втора година***

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

**1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа**

**1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа**

**1.6. Статус на наставниот предмет**

**Задолжителен предмет**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***масажа*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да изведува масажа во неговата идна професионална дејност;
- да го познава физиолошкото дејство на масажата;
- да ја објаснува масажата како терапија со индикации и контраиндикации;
- да разликува одделни видови масажи;
- да ги познава со апаратите за изведување на масажа;
- да ги познава ефектите од примената на одделен вид масажа;
- да воспоставува врска меѓу масажата и другите видови на терапија и лекување.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели, потребни се предзнаења од наставните предмети анатомија, физиологија, хигиена со здравствено воспитување и биологија изучувани во прва година.

**4.ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**
**4.1. Структурирање на содржините за учење**

**Подрачје 1: ОПШТ ДЕЛ**

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1.ФИЗИОЛОШКО ДЕЈСТВО НА МАСАЖАТА ВРЗ ОРГАНИЗМОТ** | **10** | ***Ученикот***:<br><br>- да го **објаснува** предметот и значењето на масажата како терапија; историскиот развој на масажата и поделбата на масажата според дејството на различните системи;<br><br>- да **познава:** механичка дразба, физиолошко дејство и рефлексно дејство на масажата врз организмот; основните физиолошки дејства на масажата на одделни системи (кожата, кардиоваску-ларниот систем, скелетната мускулатура и зглобовите и нервниот систем);<br>ефектите од масажата на | *Демонстрирање на:*<br><br>- слајдови и фотографии;<br><br>- шематски приказ на: класификација на масажата. | *Физиологија*:<br><br>Физиологија на одделните системи (кожата, кардио-васкуларниот систем, скелетна мускулатура и зглобовите и нервниот систем). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | одделните системи;<br>ефекти од несоодветна примена на масажата;<br><br>одделни состојби на организмот за примена на масажа;<br><br>- да **стекнува** етички норми како мотив во извршувањето на професионалната работа. | | |
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **3. КЛАСИФИКАЦИЈА НА МАСАЖАТА** | **18** | ***Ученикот*:**<br><br>- да **набројува** видови на масажа според интензитетот на нејзиното применување, како и зафаќање на разни слоеви на телото (мазнење, триење, гмечење и вибрација);<br>индикации и контраиндикации за примена на одделен вид на масажа;<br><br>- да **познава**: | *Демонстрирање* на видеоснимка од одделни видови на масажа; слики или снимки од последици од несоодветен начин на вршење на масажа. | *Хигиена со здравствено воспитување;* тематска целина: Комунална хигиена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | постапка за изведување на одделен вид масажа; интензитетот на сила со кој се изведува соодветната масажа; правецот на изведување на масажата; физиолошкото дејство на одделен вид на масажа на организмот;<br>основни и споредни зафати за изведување на одделни видови масажа и комбинацијата на масажата со други физикални постапки (масажа со: термотерапија, светлинска терапија, хидротерапија и електротерапија);<br><br>- да **разликува** несакани ефекти од одделен вид на масажа. | - *Симулирање* на масажа на фантом.<br><br>- *Работа во парови*: спроведување на одделни видови на масажа | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **4. УСЛОВИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА МАСАЖА И АПАРАТИ ЗА МАСАЖА** | **8** | ***Ученикот:***<br><br>- да ги **познава:** просторните услови за изведување на масажата и условите што треба да ги исполнуваат пациентот и масерот; апаратите и принципот на работа и техниките на воочување на промените на телото кај пациентот за време на масажата;<br><br>- да ги **набројува** контактните средства (масти, лосиони, пудер, креми и др.) за спроведување на масажата;<br><br>- да ги **потенцира** предностите и недостатоците од примената на конкретни апарати за масажа. | *Демонстрирање на:*<br>- слики, видеоснимки и слично за просторија за изведување на масажа, опрема и распоред на инвентарот;<br>- апарати за масажа или фотографии;<br>- фотографии, слики и сл. на пациенти со последици од несоодветно користење на апарати за масажа.<br><br>*Презентирање* на принцип на работа на апарати за масажа. | *Основи на нега:*<br><br>простор и опрема на болничка просторија. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **5. СПОРТСКА И КОЗМЕТИЧКА МАСАЖА** | **10** | *Ученикот треба:*<br><br>- да ги **познава:** основните карактеристики на козметичката и на спортската масажа и физиолошките ефекти од нив;<br>видовите на масажа кои се користат кај спортистите (мазнење и триење) и обележјата на масажата пред и по тренингот:<br>начинот на изведување на масажата кај спортистите;<br>редоследот во масирање на одделни делови од телото;<br><br>- да ги **објаснува** несаканите промени на телото кај пациентот за време на масажата. | *Демонстрирање* на:<br>- видеоматеријали и графички прилози.<br><br>- Венов дијаграм: обележја на масажа пред и масажа по тренингот. | *Хигиена и здравствено воспитување* |

**Подрачје 2: СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ**

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. МАСАЖА НА ОДДЕЛНИ ДЕЛОВИ НА ТЕЛОТО** | **14** | ***Ученикот:***<br>- да го **познава:**<br>редоследот на спроведување на масажата на делови на телото:<br>нога (стапало, скочен зглоб, потколеница, колено, натколе-ница, колкови и глутеална регија);<br>рака (шака, подлактица, лакт, надлактица и рамо);<br>зафатите за изведување на масажа и правецот на движење на рацете;<br>контактни средства за масирање дел на телото:<br>анатомска градба (мускули, крвни и лимфни садови и нерви);<br>- да ги **набројува** видовите на масажа кои се користат за одделни делови (екстремитети глава, граден кош, абдомен, грб);<br>- да го **поврзува** видот на | *Демонстрирање* на:<br>- видеоматеријали и графички прилози;<br>- анатомски модели. | *Анатомија:*<br><br>Анатомија на одделните делови на телото. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | масажата со зафатот при масажата. | | |
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **2. МАСАЖА ПРИ ОДДЕЛНИ ВИДОВИ НА ЗАБОЛУВАЊА** | **12** | ***Ученикот:***<br>- да ги **познава:**<br>основните симптоми на заболувањата при: хируршки и трауматолошки состојби; повреда на меките ткива; болести на нервниот, кардиоваскуларниот и респираторниот систем; ампутација на дел од телото;<br>начините и зафатите за изведување на масажата и правецот на движење на рацете при масирањето;<br>индикации и контраиндикации за масирање при одделни видови заболувања;<br><br>- да ги **набројува** промените кои не се физиолошки, на делот од телото што се масира (оток, тумурозна формација, црвенило, оштетена кожа, зголемени | *Демонстрирање* на видео-материјали и графички прилози. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | лимфни јазли, проширени површни крвни садови). | | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Според зацртаните цели на наставната програма по ***масажа*** наставата ќе се реализира преку: насочена дискусија, демонстрација, учење преку сопствено откривање, предавање, објаснување и др.

**Активности на ученикот**: слуша, прибележува, набљудува, покажува, применува, објаснува, поставува прашања, самостјно открива, дискутира.

**Активности на наставникот:** планира, организира, демонстрира, објаснува, дава инструкции, поставува прашања.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставниот предмет е застапен со 2 часа неделно во две полугодија. Наставата од овој предмет треба да биде во корелација со наставата по предметот практична настава, во сегментот во кој се застапени практични вежби и активности од предметот.

## 4.4.Наставни средства и помагала

Ефикасноста на реализацијата на содржините по наставната програма е условена со користење на компјутер, графоскоп, слики, шеми постери, фантоми, апарати за масажа и други нагледни средства.

За поуспешно совладување на целите на наставната програма се користи соодветна литература, и тоа:

- учебник по наставниот предмет;
- наставен материјал подготвен од страна на наставникот;
- дополнителна литература за наставниците;
- стручна литература од областа на физиотерапијата и масажата;
- кодексот на етика на здравствените работници;
- литература од областа на дидактиката.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година, усмено и писмено преку тестови на знаења. Во едно полугодие, ученикот треба да има најмалку две (2) оценки. Оценувањето е јавно. За учениците кои не ја совладале програмата, ќе се постапи според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да нема говорни мани, да е комуникативен, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен и подготвен за примена на иновациите во воспитно – образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ја реализираат кадри со завршени студии по:

- медицина – специјалистички студии по физикална медицина и рехабилитација;
- медицина

Наставнците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор и опрема

За реализација на предвидените активности во програмата ќе се користи специјализирана училница – кабинет, опремена со наставни средства и помагала согласно Нормативот.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОГРАМАТА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2006 година

**7.2. Состав на работната група**

1. Д-р Велика Лабачевска, Завод за физикална медицина и рехабилитација, Скопје
2. Гордана Донева Атанасоска, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
3. Д-р Јулија Бужаровска, ЗО- ординација „Вива“ - Скопје
4. Советници од Секторот за стручно образование и обука

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување: 01.09.2006 година**

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот **МАСАЖА** ја одобри министерот за образование и наука со решение број 07. 3851 од29. 06. 2006 година.